ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

за набавка на услуга за преземање на неопасен отпад за потребите на рудниците Бучим и Боров Дол, Радовиш

## 1. Опис на услугата

За потребите на тековното производство на рудниците Бучим и Боров Дол, се објавува повик за прибирање на понуди и документација со цел избор на најповолен преземач за преземање на неопасен отпад на Рудниците Бучим и Боров Дол Радовиш:

| Шифра на отпад | Вид на отпад | Фрекфенција на превземање |
|---|---|---|
| 170405 | Отпадно железо до 6 мм | По потреба |
| 170405 | Отпадно железо над 6 мм | По потреба |
| 17 04 01 | Бронза, бакар, месинг | По потреба |
| 17 04 02 | Алуминиум | По потреба |
| 17 04 11 | Кабли неспомнати во 17 04 10 | По потреба |
| 17 04 11 | Бакарни кабли | По потреба |
| 20 01 39 | Отпадни пластични туби | По потреба |
| 15 01 01 | Пакување од хартија и картон | месечно |
| 20 01 39 150102 | Отпадна пет амбалажа шишиња | месечно |
| 20 01 39 | Отпадни пластични црева | По потреба |
| 20 01 39 | Отпадни арари | По потреба |
| 20 01 39 | Отпаден најлон | По потреба |
| 15 02 03 | Апсорбенси, филтерски материјали, платна за бришење поинакви од оние во 15 02 02 | месечно |
| 16 01 03 | Искористени гуми од возила | По потреба |
| 16 01 20 | Стакло | По потреба |
| 170405 | Отпаден шпон | По потреба |

## 2. Постапка за избор

Постапката за избор на најповолен добавувач се спроведува во две етапи:
- Квалификација на подобност на добавува;
- Избор на најповолна финансиска понуда

Сите документи се доставуваат само по електронски пат на електронска адреса tender@borovdol.mk . Документација, пратена на друга електронска адреса или доставена во хартиена форма нема да се разгледува и ќе се смета за неуредно доставена документација, што води кон дисквалификација на понудувачот.

### 2.1. Квалификација на подобност на добавувач

Секое заинтересирано лице кое сака да учествува во изборот на најповолен добавувач треба да ги исполнува следните услови:

- Да биде регистрирано во централниот регистар на трговски друштва;
- Да поседува дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирање за горе наведените шифри за видови отпад.
- Да немаат забрана за вршење на дејност;
- Да има сопствени превозни средства за преземање на отпадните материјали.
- Да не се капитално управувачки и роднински поврзани со некои од раководните органи или во вработени во правните лица ДПТУ Боров Дол ДООЕЛ Радовиш и ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш;

Друштвата кои ги исполнуваат горенаведените критериуми поднесуваат финансиска понуда.

### 2.2. Финансиска понуда

Финансиската понуда содржи:
- Цена за секој вид на отпад поединечно во единица килограм.
- Начин на плаќање.

## 3. Потребни документи и рокови за доставување

Документи кои се доставуваат во постапка на квалификација на подобност на добавувачот:
- Тековна состојба не постара од 3 месеци издадена од страна на ЦРМ;
- Тековна состојба за вистински сопственици издадена од ЦРМ;
- Потврда од ЦРМ дека не е изречена забрана за вршење дејност;
- Дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Список на опрема на возила со кој би се преземал отпадот.

**Рок на доставување на документација:** 20.02.2024

Документите кои се доставуваат во постапка на избор на финансиска понуда:
- Финансиска понуда на меморандум на понудувачот, потпишана од страна на овластено лице на добавувачот.

**Рок на доставување финансиска понуда:** 20.02.2024

## 4. Начин на доставување на документи

Сите документи се доставуваат во електронска форма.
Документите издадени до ЦРМ треба да се електронски потпишани од страна на издавачот.

е-адреса за доставување на понуда и документација: tender@borovdol.mk
Предмет(Subject) на пораката: TEN-003

По завршување на изборот за најповолен понудувач сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

**13.02.2024г.,**
**Радовиш**

**ДПТУ “Боров Дол” ДООЕЛ**
**ДПТУ “Бучим” ДООЕЛ**